**ИЗВРШИТЕЛ**
**Марија Попов**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино**
**ул.Гоце Делчев бр. 26**
**тел. 043 221-008 izvrsitel.marijapopov@gmail.com**

**Образец бр.66**

**И.бр. 650/2025**

Извршителот Марија Попов од Велес, ул.Гоце Делчев бр. 26 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот-предлагач Татјана Мирова од Велес со живеалиште на ул.Јовче Ќучук бр.32 преку полномошник Адвокат Тони Димковски, засновано на извршната исправа ВПП1.24/24 од 21.02.2025 година на Основен суд Велес, против должникот-противник Благородна Тоцинова од Велес со живеалиште на ул.Максим Горки бр. 75, за спроведување на извршување на ден 17.11.2025 година го донесува следниот:

# ЗАКЛУЧОК
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

Недвижност запишана во имотен лист бр.7973 за КО Велес при АКН на СМ – ЦКН Велес со следните ознаки:
Лист В:
- Број на катастарска парцела 6434, дел 1, адреса 8ма Велешка, бр. на зграда 1, намена на зграда А2-1, влез 1, кат ПО,број 10, намена на зграда П, внатрешна површина 12м2, со право на сосоптвеност
- Број на катастарска парцела 6434, дел 1, адреса 8ма Велешка, бр. на зграда 1, намена на зграда А2-1, влез 2, кат К3, број 10, намена на зграда СТ, внатрешна површина 71м2, со право на сосоптвеност
- Број на катастарска парцела 6436, дел 0, адреса 8ма Велешка, бр. на зграда 1, намена на зграда А5-1, влез 1, кат ПР,број /, намена на зграда Г, внатрешна површина 15м2, со право на сосоптвеност, 1/2 сопственост на доверителот Татјана Мирова и 1/2 сопственост на должникот Благородна Тоцинова

Продажбата ќе се одржи на ден 05.12.2025 година во 12,00 часот во просториите на Извршител Марија Попов на ул.Гоце Делчев бр. 26 во Велес.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот Марија Попов, И.бр.650/25 од 13.11.2025 год. изнесува 3.682.435,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Доверителот-предлагач и должникот-противник кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.210077387570268 која се води кај НЛБ банка АД Скопје и даночен број 5004024511395. Уплатата да се изврши најдоцна 24 часа пред одржување на продажбата односно до 04.12.2025 год. до 12.00 часот.

Данокот на промет паѓа на товар на купувачот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 ( петнаесет ) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање: дневниот весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

ИЗВРШИТЕЛ
Марија Попов

Д.-на: доверител
должник
Град Велес - Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци
УЈП

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ИЗВРШИТЕЛ
МАРИЈА
ПОПОВ
ВЕЛЕС

18.11.2025

Марија Попов

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.